Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 127/15, 192/15, 39/16 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 99/18, 176/21, 89/22 и 171/22), Општина Битола, на ден 20.12.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планско-проектната документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана (за поставување на фотоволтаични панели на земја) со намена Е 1.13 на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн, Општина Битола, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, **не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Битола, www.bitola.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чл. 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планско-проектниот документ за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана (за поставување на фотоволтаични панели на земја) со намена Е 1.13 на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн, Општина Битола**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: изградбата на фотоволтаични електрани дополнително придонесува во заштитата на животната средина со искористување на обновливите извори за производство на електрична енергија и намалувањето на производството на $CO2$, намалување на зависноста од увоз на струја, земјиштето согласно член 54 став (4) од Законот за урбанистичко планирање го задржува статусот што го имало и пред одобрувањето на урбанистичкиот проект, изведбата е без градежни интеревенции односно со минимални интервенции и поставување на систем од монтажно / демонтажни елементи. Задолжително е изработка на елаборат за заштита на животната средина кој согласно Уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на градот Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје (Службен весник на РМ бр.80/09).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08-1311/23 од 20.12.2023

Општина Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Тони Коњановски**